Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-12714/5
06-07-2023 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, трговија и услуги
БОРОВ ДОЛ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307-3113/1
25-07-2023 20 год.
РАДОВИШ

Врз основа на член 46 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за дополнување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз БОРОВ ДОЛ ДООЕЛ Радовиш на локалитетот „Боров Дол" општина Конче и општина Штип бр.41-3586/5 од 6 јуни 2023 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.120/23) и членот 22 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар на локалитетот „Боров Дол" општина Конче и општина Штип бр.24-5737/1 од 17.10.2016 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз БОРОВ ДОЛ ДООЕЛ Радовиш**
**со адреса:Свети Спасо Радовишки бр.1 Радовиш**
**застапувано од лицето Александр Иванович Раков**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2023 година во Скопје, склучија:**

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БАКАР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „БОРОВ ДОЛ" ОПШТИНА КОНЧЕ И ОПШТИНА ШТИП

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар на локалитетот „Боров Дол" општина Конче и општина Штип бр.24-5737/1 од 17.10.2016 година, во насловот, во членот 1 став 1, во членот 3 став 1 и во членот 10 став 2, по зборот: „Конче" се додаваат зборовите: „општина Радовиш".

## Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Составен дел на овој анекс на договор е и Топографска карта дадена во прилог на овој анекс на договор.

**Член 4**

Овој анекс на договор е составен во 7 (седум) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 5**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар на локалитетот „Боров Дол“ општина Конче и општина Штип бр.24-5737/1 од 17.10.2016 година.

**Член 6**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар на локалитетот „Боров Дол“ општина Конче и општина Штип бр.24-5737/1 од 17.10.2016 година остануваат во сила, непроменети.

| **За Концедентот** | **За Концесионер** |
|---|---|
| **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз** |
| **МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА** | **БОРОВ ДОЛ ДООЕЛ Радовиш** |
| **Kreshnik Bekteshi** | **Александр Иванович Раков** |

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

## Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** Боров Дол - Конче, Штип и - Радовиш

**Минерална суровина:** Бакар

**Површина = 4.723770 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7610353 | 4606050 |
| 2 | 7610447 | 4607463 |
| 3 | 7611327 | 4607756 |
| 4 | 7612000 | 4608500 |
| 5 | 7613000 | 4608500 |
| 6 | 7613000 | 4606900 |
| 7 | 7612266 | 4606538 |
| 8 | 7611973 | 4606051 |